| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пред Нова Година |
| **Содржина на денот** | Играчката што ја посакувам |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Оспособување на детето самостојно да формира реченица врз основа на искажување на сопствена желба.<br>Усвојување на културно хигиенски навики: уредно да се работи, ликовниот материјал да се среди и врати на свое место откако ќе ја заврши работата. |
| **Активности** | Предложете му на детето заедно да разгледувате новогодишни слики (слика 1). Преку сликата детето нека истражува кој празник ни се наближува, кој е Дедо Мраз (слика 2) и поттикнете го со целосна реченица да ја каже играчката што ја посакува од Дедо Мраз за Нова Година (слика 3).<br>Понудете му дрвени, восочни или водени бои да избере и на листод блок нека ја нацрта посакуваната играчка.<br>Потоа заедно со детето најдете соодветно место од Вашиот дом, каде ќе ја закачите сликата и ќе го разубавува Вашиот дом.<br>На крај сугерирајте му ликовниот материјал чист да го врати на своето место. |